ЈОВАН ПАВЛОВСКИ

СУДЕЊАТА КАКО ПОСЛЕДЕН ПОРАЗ

Димитар Ѓузелов по формирањето на комитет на Општествена сила во Струмица му пишуваше на 22 април 1944 година на еден свој пријател:

„Разбрав дека сте формирале комитет на Општествена сила во Струмица. Без да навлегувам во тоа дали треба да се изјаснам за или против овој комитет, неговиот состав во Струмица ме интересира, зашто во него се влезени и лица кои во минатото беа на располагање на српските национални интереси и кои народот ги презира. Господата, што го инспирирале ваквиот состав на Комитетот, се раководеле од погрешни сфаќања дека треба некого да мират и робовите да ги стават настрана. Така, на пример, во Комитетот од страна на предавникот Фиданчев, фигурираат неговите лакеи Калчев и Калкашлиев. Од страна на аптекарот Милчо Стојанов, како претставник на српската државна партија ЈРЗ, фигурира неговиот агент Михаил Ефтимов, адвокат, кој сега е и претседател на Комитетот. Тоа веќе покажува какво ќе биде тоа мртвородено дете, што се наречува Општествена сила . . .

Отсекогаш сум бил на мислење и нема од тоа да отстапам дури до гробот, дека нема да правам компромис со предавниците и непријателите на бугарскиот народ. Луѓето што ја предавале бугарската кауза, што го малтретирале заедно со тираните нашиот народ, не можат да се сметаат за каква и да е политичка групација и да се земаат предвид при формирањето

на таква општествена сила. Во Струмица, како и во цела Македонија, нема политички групации. Има само народ, што се борел против српската и грчката тиранија како бугарски, и грст предавници, што им служеле на тираните. Ние сме единствени носители на националните идеали на бугарскиот народ во Македонија и тој што сака да создава некаква општествена сила, таа веќе постои во храбрите гради на секој македонски борец. Доволно е само да е храбра и нашата влада и да остави притоа да биде Македонија управувана од оние што се бореле за таа слобода. Секоја вештачка комбинација со прибирање на предавници, значи смрт на самата општествена сила и нејзино компромитирање меѓу народот. Освен тоа луѓето кои до вчера се бореа еден против друг од името на две национални идеи: српската и бугарската, денеска не можат да работат во еден комитет и притоа од тој комитет да се очекуваат некои користи за народот и државната работа. Сето тоа е фалш.

Вие со Панде ќе си излезете и ќе ги оставите лакеите на предавникот Фиданчев и на Милчо аптекарот да формираат што си сакаат, зашто тие се фахмани во сервилност и во лигавеење. А вие, ако не сакате да носите темно петно, зашто Општествената сила е мртва пред да се роди, ќе излезете навреме од комитетот за да се спасите себеси и политиката за која ја дадовме младоста и жртви пред светиот олтар на мајка Бугарија.

По ова прашање не можам да правам отстапки и извинувања."